Комисија за следење на примената и

толкување на Општиот колективен договор

за јавниот сектор

**Толкување на член 20 став (4) од ОКД, во делот на поимот „ист работодавач", во случаите кога работникот, поради организациски или законски промени во текот на работниот век, имал промена на работодавач**

Членот 20, во ставот (1) предвидува дека работникот има право на надомест на трошоците поврзани со работата, утврдени со закон и колективен договор, а во ставот (4) предвидува дека јубилејните награди се исплаќаат за непрекината работа кај ист работодавач за најмалку 10, 20, 30 и 40 години работен стаж во висина од најмалку:

- 50% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 10 години стаж;

- 100% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 20 години стаж;

- 150% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 30 години стаж и

- 200 % од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 40 години стаж.

Јубилејната награда претставува парична награда за работникот, со која се признава и наградува долготрајната работа на работникот кај еден работодавач, а истовремено работникот се поттикнува на лојално и посветено работење. Притоа, главниот критериум е континуитетот на работењето кај ист работодавач.

Континуитетот на работењето кај ист работодавач може да биде прекинат поради организациски, структурни и законски промени при кои, работникот продолжил да работи за друг работодавач кој ги преземал надлежностите од претходниот работодавач и немал прекин во работниот стаж. Во јавниот сектор вакви примери постојат кај судовите, инспекциските служби, органите во состав на министерствата, министерствата и кај други субјекти.

Комисијата смета дека во ваквите случаи треба да се примени принципот на правичност и да се има предвид дека промената на работодавачот настанала без вина и волја на работникот. Оттука, и покрај тоа што постои премин кај друг

**работодавач, а преминот настанал поради организациски, структурни и законски промени, работниот стаж на работникот треба да се смета дека во континуитет е одработен, односно стекнат кај ист работодавач.**

Претседател на Комисијата

Весна Томовска